ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ 2017



# 30 ИЗВЕШТАЈ

# ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

CIVICA MOBILITAS | Citizens for change!

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

30

# ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЈУЛИ-ДЕКЕМВРИ /2017

СКОПЈЕ, МАЈ 2018 ГОДИНА

**Мониторинг на процесот на јавни набавки во РМ**
30 извештај, јули-декември 2017

Издава:
**Центар за граѓански комуникации**

Лектура:
**Татјана Б. Ефтимоска**

Ликовно – графичко обликување:
**Бригада дизајн**

Печати:
**Пропоинт**

Тираж:
**250 примероци**

Бесплатен/некомерцијален тираж

**CIP - Каталогизација во публикација**
**Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје**

**35.073.53:005.584.1(497.7)"2017"(047)**

30 Извештај од мониторингот на јавните набавки во Република Македонија : јули-декември / 2017. - Скопје : Центар за граѓански комуникации, 2018. - 40, 40 стр. : граф. прикази ; 23 см
Насл. стр. на припечатениот текст: 30 Report from monitoring of public procurements in the Republic of Macedonia : July - December 2017. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

**ISBN 978-608-4709-68-8**

1. Гл. ств. насл.

а) Локална самоуправа - Јавни набавки - Мониторинг - Македонија - 2017 - Извештаи

**COBISS.MK-ID 107710986**

Содржината на оваа публикација е единствена одговорност на Центарот за граѓански комуникации и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика мобилитас, на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC) или на организациите што ја спроведуваат.

NIRAS

SIPU

МЦМС
МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

# СОДРЖИНА:

5 КЛУЧНИ НАОДИ

8 ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

10 ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

24 АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

28 ИСТРАЖУВАЊЕ НА ФИРМИТЕ ЗА НИВНОТО ИСКУСТВО ПРИ УЧЕСТВОТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

# КРАТЕНКИ:

| | |
|---|---|
| **БЈН** | Биро за јавни набавки |
| **ДКЖЈН** | Државна комисија за жалби по јавните набавки |
| **ДО** | договорни органи |
| **ЕО** | економски оператори |
| **ЕСЈН** | Електронски систем за јавни набавки |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЗЈН** | Закон за јавните набавки |
| **ЦГК** | Центар за граѓански комуникации |

# КЛУЧНИ НАОДИ

НАОДИ ОД АНКЕТИРАЊЕТО НА 210 ФИРМИ ЗА НИВНОТО ИСКУСТВО ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, СПРОВЕДЕНО ВО ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ-МАРТ 2018 ГОДИНА

- ’НАЈНИСКАТА ЦЕНА‘ КАКО ЕДИНСТВЕН КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ЗАДОЦНЕТОТО ПЛАЌАЊЕ И ПОТРЕБНАТА ОБЕМНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ТЕНДЕРИТЕ СЕ ГЛАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ШТО ГИ ПОСОЧУВААТ ФИРМИТЕ.

- ИСПИТАНИТЕ ФИРМИ ЧЕКААТ ПРОСЕЧНО ПО 6 МЕСЕЦИ И 21 ДЕН ЗА ДА ГИ ДОБИЈАТ ПАРИТЕ ЗА ЗАВРШЕНАТА РАБОТА. ПРЕД ДВЕ ГОДИНИ ПРОСЕКОТ ИЗНЕСУВАШЕ 8 МЕСЕЦИ, А ЛАНИ 6 МЕСЕЦИ.

- 95% ОД ФИРМИТЕ СМЕТААТ ДЕКА НА Е-АУКЦИИТЕ СЕ ПОСТИГНУВААТ НЕРЕАЛНО НИСКИ ЦЕНИ И СЕ ЗАНЕМАРУВА КВАЛИТЕТОТ НА НАБАВКИТЕ ВО ОДНОС НА НИВНАТА ЦЕНА.

- ДУРИ 88% ОД ИСПИТАНИТЕ ФИРМИ СМЕТААТ ДЕКА ИМА КОРУПЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, НО СО РАЗЛИЧНА ОЦЕНКА ЗА НИВОТО НА НЕЈЗИНАТА ПРИСУТНОСТ. НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ОД ФИРМИТЕ, ОДНОСНО 47%, СМЕТААТ ДЕКА ВО ЈАВНИ-

ТЕ НАБАВКИ ИМА КОРУПЦИЈА, НО РЕТКО; 5% ВЕЛАТ СЕКОГАШ, А 36% ЧЕСТО. САМО 12% ОД ФИРМИТЕ СЕ ИЗЈАСНИЛЕ ДЕКА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НИКОГАШ НЕМА КОРУПЦИЈА.

- ДОМИНАНТЕН ДЕЛ ОД ФИРМИТЕ СЕ ИЗЈАСНИЛЕ ДЕКА ВО ТЕНДЕРИТЕ НА КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ, ПОЧЕСТО ИЛИ ПОРЕТКО СВЕДОЧЕЛЕ НА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.

- ДУРИ 96% ОД ИСПИТАНИТЕ ФИРМИ НИКОГАШ ИЛИ РЕТКО СЕ ЖАЛАТ НА ТЕНДЕРИТЕ ВО КОИШТО УЧЕСТВУВААТ, ГЛАВНО ПОРАДИ ВИСОКИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ТРОШОЦИТЕ ВО ЖАЛБЕНАТА ПОСТАПКА И НЕДОВЕРБАТА КОН ДКЖЈН.

- ФИРМИТЕ ГО ОЦЕНУВААТ СО 2,85 НА СКАЛА ОД 1 (НЕГАТИВНО) ДО 5 (ОДЛИЧНО) ВКУПНИОТ ПРОЦЕС НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. СПОРЕДЕНО СО МИНАТОТО ИСТРАЖУВАЊЕ, ЗАБЕЛЕЖАНО Е ВЛОШУВАЊЕ НА ИСКАЖАНОТО ЗАДОВОЛСТВО НА ФИРМИТЕ ШТО УЧЕСТВУВААТ НА ТЕНДЕРИТЕ ЗА 0,28 ПОЕНИ И ОЦЕНКАТА Е ПОВТОРНО ПОД 3.

## НАОДИ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ:

- РЕКОРДНО НИСКО НИВО НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО 2017 ГОДИНА. ВРЕДНОСТА НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ СКЛУЧЕНИ ВО ОВАА ГОДИНА ИЗНЕСУВААТ 624 МИЛИОНИ ЕВРА, НАСПРОТИ 962 МИЛИОНИ ЕВРА ВО 2016 ГОДИНА.

- СОВЕТОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ПРЕСТАНА СО РАБОТА НА КРАЈОТ НА НОЕМВРИ 2017 ГОДИНА. НЕ ПОСТОЈАТ ПОДАТОЦИ ЗА ЕФЕКТОТ ОД НИВНОТО РАБОТЕЊЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ МЕСЕЦИ (ЈУЛИ-НОЕМВРИ 2017 ГОДИНА). СПЕЦИЈАЛНО ФОРМИРАНАТА КОМИСИЈА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НЕ ГИ ДОСТАВИ ПОБАРАНИТЕ ПОДАТОЦИ.

- УДЕЛОТ НА ПОНИШТУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ОД 24% НА ГОДИШНО НИВО ВО 2017 ГОДИНА Е НАЈВИСОК ВО ПЕРИОДОТ ОД 2013-2017 ГОДИНА.

- УДЕЛОТ НА ТЕНДЕРИ НА КОИШТО ИМАЛО ЗАДОВОЛИТЕЛНО НИВО НА КОНКУ-

РЕНЦИЈА (3 И ПОВЕЌЕ УЧЕСНИЦИ) ВО 2017 ГОДИНА Е ЕВИДЕНТИРАН КАЈ САМО 48% ОД МОНИТОРИРАНИТЕ ТЕНДЕРИ. УДЕЛОТ НА ТЕНДЕРИ СО САМО ЕДНА ПОНУДА Е НА НАЈНИСКО НИВО ВО ИЗМИНАТИТЕ 4 ГОДИНИ И ИЗНЕСУВА 21%.

- ВО 2017 ГОДИНА СЕ СКЛУЧЕНИ 496 ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНА НАБАВКА БЕЗ ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС, ВО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 29 МИЛИОНИ ЕВРА. ДУРИ 12 МИЛИОНИ, ОДНОСНО 42% ОД ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ОВИЕ ДОГОВОРИ, ИМ ПРИПАЃААТ САМО НА ДВЕ ИНСТИТУЦИИ, МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА И АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА (ЕЛЕМ).

## НАОДИ ОД ЖАЛБЕНАТА ПОСТАПКА ПРЕД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

- ВО 2017 ГОДИНА ФИРМИТЕ ДОСТАВИЛЕ 507 ЖАЛБИ ДО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (ДКЖЈН), ШТО ПРЕТСТАВУВА НАМАЛУВАЊЕ ВО ОДНОС НА МИНАТАТА ГОДИНА ЗА ОКОЛУ 9%.

- НАЈГОЛЕМ ДЕЛ ОД ЖАЛБИТЕ СЕ ДОСТАВУВААТ ПРОТИВ ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ ЗА ИЗБОР НА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА (65%). СЛЕДНАТА ЗНАЧАЈНА ОСНОВА ЗА ДОСТАВУВАЊЕТО ЖАЛБИ, СО УДЕЛ ОД 15%, СЕ ОДНЕСУВА НА ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ НА ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ НА ТЕНДЕРИТЕ, ДОДЕКА, ПАК, 8% ОД ЖАЛБИТЕ СЕ ОДНЕСУВАЛЕ НА ТЕНДЕРСКИТЕ ДОКУМЕНТАЦИИ.

# ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Центарот за граѓански комуникации од Скопје, од ноември 2008 година наваму, континуирано го анализира спроведувањето на процесот на јавни набавки во РМ, којшто е регулиран со Законот за јавни набавки. Целта на анализата е да оцени како се спроведува процесот на јавни набавки во светло на новиот Закон за јавните набавки и дали и колку функционираат основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

Мониторингот на јавни набавки од ноември 2008 година до јуни 2014 година се спроведуваше врз основа на примерок на постапки за јавни набавки на квартално ниво, а од втората половина на 2014 година се прави на шестмесечен период, врз основа на следење на примерок од 60 случајно избрани постапки за јавни набавки. Мониторингот започнува од објавите на повиците во „Службен весник“ и на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН), преку присуство на мониторите на јавните отворања, до



собирање податоци за текот на постапката преку длабински интервјуа и структурирани прашалници кои им се доставуваат на економските оператори, како и од податоците собрани од договорните органи преку ЕСЈН и преку барања за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Дел од параметрите во мониторингот (број, удел и структура на поништени постапки, вредност на склучени договори за јавни набавки преку одредени видови на постапки и сл.) се следат преку обработка на сите податоци доставени до ЕСЈН.

Анализата во овој извештај е направена врз основа на мониторинг на избран примерок од 60 постапки на договорни органи на централно ниво, чиешто јавно отворање на понудите се одвиваше во периодот јули-декември 2017 година. Дополнително, во овој извештај се поместени и анализа на постапките пред Државната комисија за жалби по јавните набавки за периодот јануари-декември 2017 година, како и истражувањето кај фирмите за нивното искуство при учеството на постапките за јавни набавки.

# ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ОД МОНИТОРИНГОТ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**РЕКОРДНО НИСКО НИВО НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО 2017 ГОДИНА. ВРЕДНОСТА НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ СКЛУЧЕНИ ВО ОВАА ГОДИНА ИЗНЕСУВААТ 624 МИЛИОНИ ЕВРА, ШТО Е УДЕЛ ОД САМО 19% ВО БУЏЕТОТ НА ЗЕМЈАТА.**

Во 2017 година склучени се 27.488 договори за јавни набавки во вкупна вредност од 38,4 милијарди денари односно 624 милиони евра. Споредено со 2016 година бројот на договори е намален за 11%, а нивната вкупна вредност за дури 35%. Ова е најниско ниво на јавните набавки од 2010 година, односно од годината од кога се смета дека во државата се располага со прецизна евиденција на склучените договори за јавни набавки од страна на институциите.



За јавни набавки во 2017 година било потрошено само 19% од буџетот на земјата, што е за дури 11 процентни поени помалку од претходната година.




Искуството покажува дека самиот изборен циклус не можел да влијае многу врз вредноста на јавните набавки и дека тој дури има и обратен ефект. Гледано години station наназад, највисока вредност на јавните набавки е постигната токму во годината во која се одржани парламентарните и претседателските избори во земјата, односно во 2014 година. Оттука, повеќе од јасно е дека е потребна длабинска анализа на состојбите и доколку ваквата промена е резултат на рационално трошење јавни пари, секако дека е тренд којшто треба да се одржи, но доколку е последица на воздржаност во трошењето јавни пари, тоа може негативно да се одрази врз ефикасноста во работењето на институциите.

ПРЕПОРАКА: ИМАЈЌИ ГО ПРЕДВИД ОВОЈ ГОЛЕМ ПАД ВО ВРЕДНОСТА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, СЕ НАМЕТНУВА ПОТРЕБАТА ДА СЕ ВИДИ ДАЛИ ОВА НИВО ЌЕ СЕ ЗАДРЖИ И ВО 2018 ГОДИНА И ДА СЕ НАПРАВИ ПОДЛАБИНСКА АНАЛИЗА ОД СТРАНА НА НАДЛЕЖНИТЕ ИНСТИТУЦИИ СО ЦЕЛ ДА СЕ УТВРДИ ДАЛИ ПРИЧИНАТА ЗА ОВА НАМАЛУВАЊЕ Е ИСКЛУЧИВО РЕЗУЛТАТ НА ПРОМЕНАТА НА ВЛАСТА ИЛИ Е ВО ПРАШАЊЕ ПРОМЕНА НА ПРИОРИТЕТИТЕ И НАЧИНИТЕ НА ТРОШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПАРИ. ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ВОВЕДАТ МЕХАНИЗМИ ЗА СЛЕДЕЊЕ КАКО НА ВРЕДНОСТА НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ДРЖАВАТА, ТАКА И НА НИВНАТА СТРУКТУРА, СО ШТО НАВРЕМЕНО ЌЕ СЕ УТВРДАТ ПРИЧИНИТЕ ЗА КОНСТАТИРАНИТЕ ОСЦИЛАЦИИ.

**СОВЕТОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ПРЕСТАНА СО РАБОТА НА КРАЈОТ ОД НОЕМВРИ 2017 ГОДИНА. НО, НЕ ПОСТОЈАТ ПОДАТОЦИ ЗА ЕФЕКТОТ ОД НЕГОВОТО РАБОТЕЊЕ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ПЕТ МЕСЕЦИ (ЈУЛИ-НОЕМВРИ 2017 ГОДИНА). СПЕЦИЈАЛНО ФОРМИРАНАТА КОМИСИЈА ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НЕ ГИ ДОСТАВИ ПОБАРАНИТЕ ПОДАТОЦИ.**

Советот за јавни набавки, задолжен за ограничена екс анте контрола на јавните набавки, поради минималниот позитивен ефект наспроти големото административното и финансиско обременување на јавните набавки, беше укинат со измени на Законот за јавни набавки објавени во „Службен весник на Република Македонија" бр. 165/17. Во согласност со посочените законски измени, целата опрема и документација на Советот премина во Министерството за финансии. Податоците коишто вообичаено се објавуваа во рамките на овој мониторинг, а се однесуваа на бројот на доставени барања до Советот за добивање согласности за спроведување на тендерите од договорните органи, причините за тие барања, решенијата на Советот, како и парите потрошени во овој процес, за првпат не беа обезбедени. На двете барања доставени од Центарот за граѓански комуникации до Министерството за финансии, беше добиен одговор дека примопредавањето на опремата, документацијата и податоците е сè уште во тек. Поконкретно, во одговорот добиен во јануари 2018 година од Министерството за финансии беше наведено: Во врска со вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, ве известуваме дека министерот за финансии донесе Решение за формирање на Комисија за преземање на опремата, инвентарот, архивата, документацијата, средствата за работа и други средства, побарувања и обврските од Советот за јавни набавки, заведено под бр.03-8590/1 од 19.12.2017 година. Од причини што примопредавањето на целокупната документација помеѓу двете комисии сè уште е во тек, Министерството за финансии не е во можност да ви ги достави бараните податоци.

Во март 2018 година, на второто доставено барање, ЦГК го доби следниот одговор: Постапката за преземање на опремата, инвентарот, архивата, документацијата, средствата за работа и други средства, побарувања и обврските од Советот за јавни набавки е во тек и поради наведеното Министерството за финансии ги нема податоците кои ги барате со доставеното барање.

На овој начин беше оневозможено да се направи пресек на целокупното работење на Советот за јавни набавки, којшто од тело формирано за да ја поттикне конкуренцијата во јавните набавки се претвори во непотребно административно и финансиско оптоварување.

ПРЕПОРАКА: ПОТРЕБНА Е КОМИСИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ОПРЕМАТА, ИНВЕНТАРОТ, АРХИВАТА, ДОКУМЕНТАЦИЈАТА, СРЕДСТВАТА ЗА РАБОТА И ДРУГИ СРЕДСТВА, ПОБАРУВАЊАТА И ОБВРСКИТЕ ОД СОВЕТОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ ЈАВНО ДА ГИ ОБЈАВИ ПОДАТОЦИТЕ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА СОВЕТОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2017 ГОДИНА.

СЕКОЈ ЧЕТВРТИ ТЕНДЕР Е ЦЕЛОСНО ИЛИ ДЕЛУМНО ПОНИШТЕН. ВО МОНИТОРИРАНИОТ ПРИМЕРОК Е ЕВИДЕНТИРАН ДУРИ И СЛУЧАЈ ВО КОЈШТО ЕДНА ПОСТАПКА Е ДВАПАТИ ПОНИШТЕНА, И ТОА СПОРЕД ДВЕ РАЗЛИЧНИ ОСНОВИ.

Поништувањето на постапките за јавни набавки продолжи со растот и во 2017 година. Вкупно во текот на годината, целосно или делумно се поништени 4.210 тендери, што претставува удел од 24% од вкупно објавените огласи. Уделот на поништување на постапките од 24% на годишно ниво во 2017 година е највисок во периодот 2013-2017 година. По полугодија, уделот на поништени постапки изнесувал 24% во првото и 25% во второто полугодие.

**Поништување на постапките по години**

| Година | Број на објавени огласи | Број на одлуки за поништување на постапките | Удел на поништени постапки |
|---|---|---|---|
| 2013 | 18.787 | 3.478 | 19% |
| 2014 | 15.746 | 3.625 | 23% |
| 2015 | 18.469 | 3.673 | 20% |
| 2016 | 18.444 | 4.230 | 23% |
| **2017** | **17.227** | **4.210** | **24%** |

Гледано од аспект на причините за неуспехот на тендерите да завршат со склучување договор, произлегува дека на секој трет поништен тендер не била доставена ниту една понуда (35%). Следни позначајни причини се дека понудените цени се понеповолни од пазарните (15%) и дека ниту една од доставените понуди не била прифатлива (14%).

**Структура на причините за поништувањето на постапките во 2017 година***




**Структурата на причините за поништување на постапките за јавни набавки е направена врз основа на известувањата за поништување на постапките доставени до ЕСЈН за тендери спроведени во 2017 година*

Гледано на ниво на мониторираниот примерок, поништени се 27% од постапките, од кои 21% целосно и 6% делумно. Во мониторираниот примерок евидентирани се неколку случаи на поништувања кои секако треба да се издвојат. Еден од нив е тендерот за набавка на систем за складирање на податоците и репликација со проценета вредност од 130.000 евра, што беше поништен двапати. Прво беше поништен од страна на самиот договорен орган, а потоа од Државната комисија за жалби по јавните набавки (ДКЖЈН). Двете поништувања следуваа откако еден потенцијален понудувач, незадоволен од условите во тендерската документација, доставил жалба до ДКЖЈН. Една недела по доставената жалба, договорниот орган донел одлука за поништување на постапката со образложение дека од двете добиени понуди ниту една не била прифатлива. По ова следува одлуката на Државната комисија, која ги прифаќа жалбените наводи на жалителот дека тендерската документација на поништениот тендер била дискриминаторска. Оттука, ДКЖЈН донесува Одлука да ја поништи Одлуката за поништување на Одлуката за спроведување јавна набавка поради сторена битна повреда на постапка од член 210. На овој начин ДКЖЈН ја поништува целокупната постапка за доделување договор за јавна набавка, но според друга основа, упатувајќи го договорниот орган во следната постапка која ќе се спроведе за оваа набавка да ги почитува забелешките што се дадени за тендерската документација.

Особено загрижувачки се поништувањата на тендерите во кои имало голем број на понудувачи и во кои, во исто време, не е прецизно објаснета причината за донесената одлука за поништување. Таков е примерот со мониторираната набавка на косилки и резервни делови во вредност од 1.845.000 денари без ДДВ. На тендерот учествуваа пет фирми. Одлуката за поништување е донесена дури по спроведената електронска аукција, и тоа со следното општо образложение:

Договорниот орган не може да изврши избор на најповолна понуда поради битни повреди на законот согласно членот 210 од овој закон и согласно член 210 став 1 алинеја 6 од ЗЈН (се сторени битни повреди кои се однесуваат на евалуацијата на понудите). Од доставената документација не можеше да се утврди за какви повреди станува збор, а сигурно ништо појасно не им било ниту на понудувачите. Оттука, ваквото постапување создава несигурност кај фирмите и ја зголемува недовербата во системот. Поништувањето на една постапка е регулирано со закон и не е спорно доколку е оправдано и аргументирано. Во спротивно, создава сомнеж дека се злоупотребува за да се спречи договорот да го добие некоја друга фирма, а не онаа што е фаворизирана.

Следниот пример е за тендер за набавка на 2 трактори како основно средство за едно јавно претпријатие. Набавката беше делива и фирмите можеа да достават понуди за двата видови на трактори или само за еден. На тендерот понуди за двата дела, односно двата трактори, достави само една фирма. Вкупно за двата трактори понудувачот достави цени од 15.100.000 денари, односно 100.000 денари повеќе од проценетата вредност на тендерот. Со оглед на тоа што и за двата дела од тендерот имало една понуда, од фирмата е побарано да ја достави својата конечна цена, што и било сторено со минимални намалувања на првичните цени за камионите од по 1 денар. На овој начин понудената цена за двата трактори изнесувала 15.099.998 денари, односно за 0,67% повисока од проценета вредност на тендерот. Не нудејќи дополнителни образложенија, но со оценка дека понудата не е соодветна, односно со цена повисока од проценетата вредност, јавното претпријатие носи одлука да го поништи делот за набавка на поскапиот трактор (8.766.699 денари) и да го купи само поевтиниот (6.233.299 денари). Нејасно е како е оценето дека понудената цена за едниот вид на трактор е соодветна, а за другиот не е, бидејќи во огласот за јавна набавка проценетата вредност е дадена за целиот тендер, а не на ниво на делови. Воедно, во насока на поттикнување на конкуренцијата нејасно е зошто јавното претпријатие се одлучило да бара банкарски гаранции на понудата, и тоа од 2% од вредноста на набавката, ако се има предвид дека тоа делува дестимулативно врз фирмите.

И во овој мониториран примерок евидентирани се случаи на поништување постапки поради некои формални недостатоци што се чини дека можеле да бидат надминати. Така, во набавка на услуги за обезбедување на објект, тендерот е поништен затоа што единствениот понудувач во листата на цени не ја навел вкупната цена што ја бара за двата објекти за обезбедување, иако е тоа прост збир од претходните две ставки. Тендерот е поништен и објавен е нов, на којшто повторно се јавил истиот понудувач и со него е склучен договорот. Предмет на мониторинг беше и тендерот за набавка на мебел во којшто во огласот беше наведено дека не се бара банкарска гаранција, а во тендерската документација се бараше гаранција од 3% од вкупната вредност на понудата. Добиени се 5 понуди, од кои за само една не беше доставена банкарска гаранција. Зачудува како ниту еден од понудувачите не поставил прашање за разликите во огласот и тендерската документација во однос на банкарската гаранција, а во исто време и како никој

од одделението за јавни набавки на институцијата не ја забележал грешката. На крајот може да се истакне мониторираната постапка за набавка на транспортни и шпедитерски услуги за камионски, бродски и авионски транспорт на селидбени и службени предмети. Во оваа постапка спорно е тоа што јавното отворање на понудите се одржа на 3 јули 2017 година, а одлуката за поништување поради пропусти во тендерската документација е донесена по речиси пет месеци, односно на 28 ноември 2017 година.

ПРЕПОРАКА: **ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ВОВЕДЕ ОБВРСКА ЗА БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ГОДИШНО НИВО ДА ИЗГОТВУВА И ЈАВНО ДА ОБЈАВУВА АНАЛИЗА НА ПОНИШТЕНИТЕ ПОСТАПКИ, СО НАВЕДУВАЊЕ НА ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ КОИ ИМААТ НАЈГОЛЕМ БРОЈ НА ПОНИШТЕНИ ПОСТАПКИ. НАОДИТЕ ОД ОВИЕ АНАЛИЗИ ПОТОА БИ СЕ ИСКОРИСТИЛЕ ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ КОНКРЕТНИ МЕРКИ ОД СТРАНА НА БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, КАКО И ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СИСТЕМСКИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ.**

УДЕЛОТ НА ТЕНДЕРИ НА КОИШТО ИМАЛО ЗАДОВОЛИТЕЛНО НИВО НА КОНКУРЕНЦИЈА (3 И ПОВЕЌЕ УЧЕСНИЦИ) ВО 2017 ГОДИНА Е ЕВИДЕНТИРАН КАЈ САМО 48% ОД МОНИТОРИРАНИТЕ ТЕНДЕРИ. УДЕЛОТ НА ТЕНДЕРИ СО САМО ЕДНА ПОНУДА Е НА НАЈНИСКО НИВО ВО ИЗМИНАТИТЕ 4 ГОДИНИ И ИЗНЕСУВА 21%.

Во второто полугодие од 2017 година продолжи да се намалува бројот на тендери во коишто е евидентирана само една понуда. Гледано во однос на истиот период во претходните години, во пораст се тендерите во кои се евидентирано 2 понуди, додека, пак, тендерите во кои имало 3 или повеќе учесници беше во пад.

**Конкуренција на тендерите на полугодишно ниво***

| Период | Ниту еден учесник | 1 учесник | 2 учесници | 3 и повеќе учесници |
|---|---|---|---|---|
| јули- декември 2014 | 2% | 30% | 20% | 48% |
| јули- декември 2015 | 2% | 26% | 20% | 52% |
| јули- декември 2016 | 4% | 22% | 16% | 58% |
| **јули- декември 2017** | **8%** | **17%** | **28%** | **47%** |

**Пресметките се направени врз основа на мониторирани примероци*

Гледано на годишно ниво, најголемо подобрување е направено во намалувањето на тендерите со 1 понудувач, а наспроти тоа, се јавува зголемување на тендерите со 2 понудувачи.

**Конкуренција на тендерите на годишно ниво***

| Период | Ниту еден учесник | 1 учесник | 2 учесници | 3 и повеќе учесници |
|---|---|---|---|---|
| 2014 | 3% | 29% | 15% | 52% |
| 2015 | 3% | 26% | 20% | 51% |
| 2016 | 4% | 31% | 17% | 48% |
| **2017** | **6%** | **21%** | **25%** | **48%** |

**Пресметките се направени врз основа на мониторирани примероци*

Со оглед на тоа што конкуренцијата дадена во табеларните прикази е врз основа на мониторираниот примерок на тендери и се обезбедува преку присуство на отворање на понудите, останува и натаму актуелен проблемот дека конкуренцијата дополнително се влошува низ понатамошниот тек на постапката, односно со исклучување на понудувачите од евалуациите.

ПРЕПОРАКА: ДА СЕ ОСТАНЕ НА КОНЦЕПТОТ ПРЕДВИДЕН ВО НАЦРТ-ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ И ДА СЕ ВОВЕДЕ НАДЗОР И КОНТРОЛА ВРЗ ЦЕЛИОТ ПРОЦЕС НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО НАСОКА НА ПРЕВЕНЦИЈА И СПРЕЧУВАЊЕ НЕЗАКОНСКО ТРОШЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАРИ, СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО СОГЛАСНОСТ СО ДОГОВОРИТЕ.

Надзорот и контролата треба да му се доверат на Бирото за јавни набавки, со проширување на неговите надлежности. Потребно е да се формира организациска единица за надзор и контрола која ќе ги има следните ингеренции:

- да ги контролира тековните постапки за јавни набавки и реализацијата на договорите за јавни набавки врз основа на систем на анализа на ризикот, по сопствена иницијатива или по добивање информации;
- за констатираните неправилности да доставува решение за нивно отстранување и доколку договорниот орган не ги отстрани, да се поднесе барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен орган;
- да го извести надлежното обвинителство доколку постои основано сомневање за постоење кривично дело.

За констатираните системски проблеми, Бирото за јавни набавки треба да доставува извештаи до Владата на Република Македонија и нив јавно да ги објавува.

Во насока на дефинирање на предметот и опфатот на надзорот и начинот на неговото спроведување, потребно е да се изготви подзаконски акт.

Со воведувањето на надзорот и контролата во јавните набавки, ќе се обезбеди усогласеност на ЗЈН со членот 83 од Директивата за јавни набавки на ЕУ, која предвидува следење на примената на правилата за јавни набавки.

- Е-АУКЦИЈА ВО 2017 ГОДИНА Е ОДРЖАНА ВО 63% ОД МОНИТОРИРАНИТЕ ПОСТАПКИ, НАСПРОТИ 37% ВО КОИШТО НЕ СЕ ОДРЖАЛО ПЛАНИРАНОТО НАМАЛУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ. ВО ОДНОС, ПАК, НА ЕЛЕКТРОНСКИ ВОДЕНИТЕ ПОСТАПКИ, ЗАКОНСКИОТ ТАРГЕТ ОД 50% БЕШЕ ЗНАЧИТЕЛНО НАДМИНАТ. ВО 2017 ГОДИНА ДУРИ 79% ОД ПОСТАПКИТЕ БИЛЕ СПРОВЕДЕНИ СО ЦЕЛОСНО КОРИСТЕЊЕ ЕЛЕКТРОНСКИ СРЕДСТВА ПРЕКУ ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.

Во второто полугодие од 2017 година, е-аукција беше одржана во поголем број на постапки во однос на првото полугодие, како и во однос на истиот период претходната година. Па така, е-аукција во второто шестмесечје од 2017 година е одржана во 65% од мониторираните постапки, наспроти 61% во првото полугодие 2017 година или 59% во второто шестмесечје од 2016 година.

На годишно ниво, во 2017 година електронската аукција е одржана во 63% од мониторираните постапки. А како последица на малата конкуренција, но и на исклучувањето фирми кои доставиле понуди, е-аукцијата иако била планирана, не се одржала во 37% од мониторираните тендери. Ризикот од големиот удел на постапки каде што не се одржала е-аукција е во непишаното правило – фирмите, во очекување на планираните е-аукции, да нудат повисоки цени на отворањето на понудите, кои подоцна во текот на аукцијата би ги намалиле. Оттука е реален ризикот тендерите склучени со единствениот понудувач и без е-аукција да бидат склучени по цени што се повисоки од реалните.

Во согласност со Законот за јавни набавки, во 2017 година секоја институција требаше 50% од објавените постапки за јавни набавки да ги спроведе со користење електронски средства преку ЕСЈН. Според наодите од мониторингот, како и според анализата на податоците добиени од ЕСЈН, произлегува дека договорните органи значително го надминаа овој таргет, особено во второто полугодие. Имено, во првото полугодие 78% од постапките биле спроведени електронски, а во второто полугодие дури 81%. Оттука, на ниво на цела 2017 година, 79% од сите постапки биле спроведени електронски.

### Приказ на е-постапките

| Период | Електронски постапки | Постапки во хартиена форма | Удел на електронските постапки |
|---|---|---|---|
| Јануари-јуни 2017 | 6.636 | 1.926 | 78% |
| Јули-декември 2017 | 6.978 | 1.687 | 81% |
| **Јануари-декември 2017** | **13.614** | **3.613** | **79%** |

Гледано на годишно ниво, произлегува дека и во двете години (2016 и 2017) биле надминати законските таргети, и тоа во 2016 година за 18 процентни поени, а во 2017 година за 29 процентни поени.

### Удел на електронските постапки на годишно ниво

| Период | Законски поставениот таргет | Остварен удел на електронските постапки |
|---|---|---|
| 2016 | 30% | 48% |
| 2017 | 50% | 79% |

Примената на електронските средства во спроведувањето на јавните набавки е секако поедноставна за институциите, кои со години се едуцираат за тоа, но прашање е дали помалите фирми се подготвени за ваков значаен исчекор. Притоа мора да се има предвид дека Бирото за јавни набавки не организираше вонредни бесплатни обуки во насока на подготовка на малите фирми за ваквата промена.

ПРЕПОРАКА:

СО ОГЛЕД НА ТОА ШТО ВО 2018 ГОДИНА СИТЕ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ СЕ ЕЛЕКТРОНСКИ ВОДЕНИ, БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ТРЕБА ДА ОРГАНИЗИРА ЦИКЛУС БЕСПЛАТНИ ОБУКИ ЗА МИКРОПРЕТПРИЈАТИЈА НИЗ ЦЕЛАТА ЗЕМЈА ЗАРАДИ НИВНО ОЛЕСНЕТО УЧЕСТВО НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ Е-НАБАВКИ. ОБУКИТЕ ДА СЕ ОРГАНИЗИРААТ РЕГИОНАЛНО (ВО НЕКОЛКУ РАЗЛИЧНИ ГРАДОВИ ВО ЗЕМЈАТА), СО ЦЕЛ ТИЕ ДА ИМ БИДАТ ПОДОСТАПНИ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ КОИ ДЕЈСТВУВААТ НА ЛОКАЛНО И НА РЕГИОНАЛНО НИВО. ОВИЕ ОБУКИ ЌЕ ПРЕТСТАВУВААТ ФОРМА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА БАРАЊЕТО НА ДИРЕКТИВАТА НА ЕУ ОД 2014 ГОДИНА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ БЕСПЛАТНА ПОМОШ ЗА ПРАВИЛНА ПРИМЕНА НА ПРАВИЛАТА, КОЈА ЌЕ ЈА ОБЕЗБЕДУВА НАДЛЕЖЕН ОРГАН ЗА УЧЕСНИЦИТЕ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ВАКВАТА МЕРКА Е ВО СОГЛАСНОСТ СО НАДЛЕЖНОСТИТЕ НА БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ПРОПИШАНИ СО СЕГАШНИОТ ЗАКОН ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И НЕ НАЛАГА ЗАКОНСКИ ПРОМЕНИ.

Во однос, пак, на е-аукцијата, поволно е што во нацрт-законот за јавни набавки таа е опционална, што беше препорака која во рамките на мониторингот на јавни набавки беше давана со години наназад.

- **ВО 2017 ГОДИНА СЕ СКЛУЧЕНИ 496 ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНА НАБАВКА БЕЗ ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС, ВО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 29 МИЛИОНИ ЕВРА. ДУРИ 12 МИЛИОНИ, ОДНОСНО 42% ОД ВКУПНАТА ВРЕДНОСТ НА ОВИЕ ДОГОВОРИ ИМ ПРИПАЃА НА САМО ДВЕ ИНСТИТУЦИИ: МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА И АД ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА (ЕЛЕМ).**

Бројот и вредноста на договорите за јавни набавки склучени преку постапката со преговарање без претходно објавување оглас во 2017 година се намалени во однос на претходната година. Бројот на овие договори (496) е намален за 18% во однос на 2016 година, додека, пак, нивната вредност, која вкупно изнесува 29 милиони евра, е за 17% пониска од 2016 година.

Сепак, со оглед на падот на вкупната вредност на јавните набавки во 2017 година, уделот на овие нетранспарентни постапки во вкупната вредност на јавни набавки е зголемена од 3,6% во 2016 на 4,6% во 2017 година.

Гледано на ниво на институции, од вредносен аспект, најмногу јавни пари преку оваа нетранспарентна постапка имаат потрошено Министерството за образование (6,2 милиони евра) и АД Електрани на Македонија (6 милиони евра).

Министерството за образование преку оваа постапка склучило 39 договори, и тоа во најголем дел за откуп на учебници за основно и средно образование. Додека, пак, ЕЛЕМ преку оваа постапка има склучено 16 договори и меѓу нив е најголемиот поединечен договор од овој вид. Станува збор за договорот за ископ на јаглен и јаловина за ПЕ Рудници, РЕК Битола, склучен со друштвото за трговија, производство и услуги МАРКОВСКИ КОМПАНИ Борче ДООЕЛ увоз-извоз Битола, во вредност од 4,7 милиони евра. Договорот е склучен со следното образложение: Кога од причини од крајна итност предизвикана од настани кои договорниот орган не можел да ги предвиди и да му се припишат како пропуст, не може да се примени рокот за објавување на отворена постапка, ограничена постапка, постапка со барање за прибирање на понуди или постапка со преговарање со претходно објавување на оглас.

Во листата на институции кои значително ја користеле оваа нетранспарентна постапка се наоѓа и Државната изборна комисија, која во 2017 година има склучени 19 договори од овој вид, во вкупна вредност од околу 850 илјади евра. Меѓу нив е и договорот за изработка и печатење доверлив изборен материјал за избори за членови на советите на општините и на Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје во вредност од 450 илјади евра (детален приказ на сите овие т.н. директни договори е достапна на веб-страницата opendata.mk на следниот линк http://opendata.mk/Home/JavniNabavkiDetails?Category=2017).

## Преглед на вредноста на договорите според постапката со преговарање без објавување оглас, по години

| Година | Број на склучени договори | Вредност на договорите во милиони евра | Годишна промена во вредноста |
|---|---|---|---|
| 2013 | 1.491 | 97 | +34% |
| 2014 | 834 | 56 | -42% |
| 2015 | 951 | 29 | -49% |
| 2016 | 605 | 35 | +20% |
| **2017** | **496** | **29** | **-17%** |

*Детален преглед на договорите е достапен на веб-страницата на ЦГК, opendata.mk*

Законот за јавни набавки предвидува 10 основи за примена на постапката со преговарање без претходно објавување оглас. Но институциите, како што може да се види од следниот графички приказ, во 2017 година доминантно користеле две причини, и тоа кога од технички или уметнички причини, односно од причини врзани за заштита на ексклузивните права, патенти и сл., договорот може да го изврши само одреден економски оператор (54,2%), како и поради крајна итност, односно кога од одредени причини договорот за јавна набавка мора да се склучи брзо (31,7%). Третиот означаен основ за примена на оваа постапка биле анекс-договорите, на кои отпаѓа 11% од вкупната вредност на овие договори.

Како што може да се види од графичкиот приказ, останатите основи за примена на постапката со преговарање без претходно објавување оглас вкупно имаат удел од 3,1% од вкупно потрошените пари преку оваа постапка.

## Структура на договорите склучени преку постапката со преговарање без објавување оглас (јануари-декември 2017 год.)




*Детален преглед на договорите е достапен на веб-страницата на ЦГК, opendata.mk*

ПРЕПОРАКА: ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ВОВЕДЕ И ОБВРСКА ЗА БИРОТО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ДА ИЗГОТВУВА И ЈАВНО ДА ОБЈАВУВА, НАЈМАЛКУ НА ГОДИШНО НИВО, АНАЛИЗА НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ ПО ПАТ НА ПРЕГОВАРАЊЕ БЕЗ ОБЈАВУВАЊЕ ОГЛАС СО НАВЕДУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ СО КОИ СЕ СКЛУЧЕНИ ТАКВИТЕ ДОГОВОРИ.

**ВО 2017 ГОДИНА ПРОДОЛЖИ ДА ПАЃА ПРИМЕНАТА НА БАНКАРСКИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА ПОНУДИТЕ, А ДА СЕ ЗГОЛЕМУВА ПРИМЕНАТА НА БАНКАРСКИТЕ ГАРАНЦИИ ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ**

Банкарската гаранција на понудата во 2017 била побарана во 7% од мониторираните тендери во 2017 година, што претставува зголемување од 15 процентни поени во однос на претходната година. Наспроти тоа, гаранцијата за квалитетно извршување на договорот е побарана во 60% од мониторираните тендери, што е зголемување од 7 процентни поени во однос на претходната година. Овој тренд е поволен бидејќи со банкарските гаранции на понудите се создава финансиска бариера за потенцијалните понудувачи, додека, пак, на банкарските гаранции за квалитетно извршување на договорот можеме да гледаме како на заштита на институциите, а оттука и на јавните пари, од неквалитетна реализација на договорите.

ПРЕПОРАКА: ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ДА ПРОДОЛЖАТ СО ОВОЈ ТРЕНД И ВО ИДНИНА ДА НЕ БАРААТ ОД ПОНУДУВАЧИТЕ БАНКАРСКА ГАРАНЦИЈА НА ПОНУДИТЕ, ТУКУ ДА ЈА ПРИМЕНУВААТ ИЗЈАВАТА ЗА СЕРИОЗНОСТ НА ПОНУДАТА. ВО ОДНОС, ПАК, НА БАНКАРСКАТА ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ, КОЈА Е СЕКАКО ОПРАВДАНА, ЗА ДА СЕ ИЗБЕГНЕ РИЗИКОТ ТАА ДА СЕ ПРЕТВОРИ ВО ФИНАНСИСКА БАРИЕРА ЗА ПОНУДУВАЧИТЕ, ДА СЕ ПРИМЕНУВА СЕКОГАШ КОГА ВРЕДНОСТА И ПРИРОДАТА НА НАБАВКАТА ГО НАЛАГААТ ТОА.

**ВО ВТОРОТО ПОЛУГОДИЕ ОД 2017 ГОДИНА СЕ ИЗРЕЧЕНИ 20 НЕГАТИВНИ РЕФЕРЕНЦИ ЗА 19 ФИРМИ, СО ШТО НА НИВО НА ЦЕЛА 2017 ГОДИНА СЕ ИЗРЕЧЕНИ 39 ЗАБРАНИ ЗА УЧЕСТВО НА ТЕНДЕРИ, И ТОА НА 36 ФИРМИ.**

Со изречените 39 негативни референци, 33 фирми добија забрани за учество на сите тендери во земјата во рок од 1 година, а други 2 фирми добија по две, односно 3 забрани. Најголем дел од негативните референци, односно 33%, им се изречени на фирми откако им се наплатени гаранциите за квалитетно извршување на договорот. На второ место според зачестеноста се изрече-

ните негативни референци (26%) во случаите кога понудувачот не ги доставил документите за да ја докаже својата лична состојба. Останатите причини (понудувачот не го потпиша договорот за јавна набавка; понудувачот не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата) имаа помала застапеност во 2017 година.

Законски дадената можност институциите да изрекуваат негативни референци, односно забрани на фирмите за учество на сите тендери во Република Македонија од 1 до 5 години, не е во согласност со правната регулатива на Европската Унија.

ПРЕПОРАКА: НАМЕСТО ’НЕГАТИВНА РЕФЕРЕНЦА‘, ВОВЕДУВАЊЕ МОЖНОСТ СЕКОЈ ДОГОВОРЕН ОРГАН ДА ИСКЛУЧИ ОДРЕДЕН ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР ОД УЧЕСТВО НА НЕГОВИТЕ ИДНИ ПОСТАПКИ ЗА ОДРЕДЕН ПЕРИОД ПОРАДИ НЕЗАДОВОЛИТЕЛНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ПРЕТХОДНИ ДОГОВОРИ. ОВОЈ ПРЕДЛОГ ЗНАЧИ УКИНУВАЊЕ НА ’НЕГАТИВНАТА РЕФЕРЕНЦА‘ И ОВОЗМОЖУВАЊЕ ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ДА ИЗРЕЧАТ ЗАБРАНА ЗА ЕКОНОМСКИТЕ ОПЕРАТОРИ САМО ВО СЛУЧАЈ НА ДОКУМЕНТИРАНИ ЗНАЧИТЕЛНИ ИЛИ ПОСЛЕДОВАТЕЛНИ ПОТФРЛАЊА ВО РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРЕТХОДНИТЕ ДОГОВОРИ. ЗАБРАНАТА МОЖЕ ДА СЕ ОДНЕСУВА САМО ЗА УЧЕСТВО НА ТЕНДЕРИТЕ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН ШТО ЈА ИЗРЕКОЛ ЗАБРАНАТА. ПЕРИОДОТ НА ИСКЛУЧУВАЊЕ МОЖЕ ДА ИЗНЕСУВА ОД ЕДНА ДО ПЕТ ГОДИНИ, ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПОВТОРУВАЊЕТО НА НЕЗАДОВОЛИТЕЛНОТО ОДНЕСУВАЊЕ.

# АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2017 ГОДИНА

ВО 2017 ГОДИНА ФИРМИТЕ ДОСТАВИЛЕ 507 ЖАЛБИ ДО ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ (ДКЖЈН), ШТО ПРЕТСТАВУВА НАМАЛУВАЊЕ ВО ОДНОС НА МИНАТАТА ГОДИНА ЗА ОКОЛУ 9%.

За 17.227 спроведени тендери во 2017 година, доставени се 507 жалби од фирмите и 25 од договорните органи против решенија на Советот за јавни набавки. Бројот на жалби доставени од фирмите упатува на исклучително мал процент на обжалени постапки за јавните набавки од само 2,94%. Како што може да се види од табеларниот приказ, намалувањето на бројот на жалбите следува по две години благ раст и изнесува 8,98%. Притоа, падот на бројот на жалби е поголем отколку падот на бројот на тендери, што доведе и до намалување на процентот на обжалени постапки за јавни набавки од 3% во 2016 година на 2,94% во 2017 година.

### Приказ на соодносот на објавени постапки за јавни набавки и бројот на доставени жалби до ДКЖЈН од страна на фирмите

| Година | Број на тендери | % на промена | Број на жалби доставени до ДКЖЈН | % на промена |
|---|---|---|---|---|
| 2015 | 18.469 | +17,35% | 523 | +3,98% |
| 2016 | 18.444 | -0,14% | 557 | +6,50% |
| **2017** | **17.227** | **-6,60%** | **507** | **-8,98%** |

*Пресметките се направени преку обработка на податоците за примените жалби објавени на веб-страницата на ДКЖЈН*

Гледано само во однос на фирмите, во текот на 2016 година ДКЖЈН донела решенија за 507 жалби. Притоа, од нив, Државната комисија уважила 232 жалби, односно 45,76%. Како неосновани се одбиени 190 жалби, односно 37,48% од вкупно примените. Уделот на отфрлени жалби изнесува 10,26%, при што станува збор за жалби кои воопшто и не биле разгледувани од страна на ДКЖЈН, затоа што не биле доставени во строго пропишаните рокови во согласност со Законот за јавните набавки или, пак, за нив не бил уплатен надомест за водење на постапката. Удел на жалбите што се повлечени од страна на фирмите што ги поднеле или, пак, постапката за нив е запрена затоа што договорниот орган ги прифатил жалбените наводи на тужителот пред да се изјасни ДКЖЈН изнесува 6,50%.

### Структура на донесените одлуки на ДКЖЈН во 2017 година

| Структура на жалбите според одлуката | Број на жалби | Учество во % |
|---|---|---|
| Уважени жалби | 232 | **45,8%** |
| Одбиени жалби | 190 | **37,5%** |
| Отфрлени жалби | 52 | **10,2 %** |
| Прекин/запирање на жалбената постапка | 33 | **6,5%** |
| Вкупно | **507** | **100%** |

*Пресметките се направени преку обработка на податоците за донесените решенија на ДКЖЈН објавени на веб-страницата на институцијата*

Гледано во однос на претходната година, структурата на донесените решенија е понеповолна за фирмите што се одлучиле заштитата на своите права да ја бараат пред ДКЖЈН. Падот на уважени жалби во 2017 година во однос на претходната година изнесува 1,8 процентни поени. Уделот на одбиени жалби во 2017 година е поголем отколку во 2016 година, и тоа за 5,1 процентен поен.

**Споредбени податоци за структурата на донесените одлуки во жалбена постапка**

| Вид на одлуки | 2015 | 2016 | 2017 |
|---|---|---|---|
| Уважени жалби | 43,6% | 47,6% | **45,8%** |
| Одбиени жалби | 37,3% | 32,4% | **37,5%** |
| Отфрлени жалби | 11,5% | 7,6% | **10,2 %** |
| Прекин/запирање на жалбената постапка | 7,6% | 12,4% | **6,5%** |
| Вкупно | 100% | 100% | **100%** |

*Пресметките се направени преку обработка на податоците за донесените решенија на ДКЖЈН објавени на веб-страницата на институцијата*

Доколку се навлезе во анализа на уважените жалби, произлегува дека Државната комисија, од вкупно уважените 232 жалби, за доминантен дел, односно за 134 жалби, донела решенија за укинување на одлуките за избор и за враќање на постапката во фаза на повторна евалуација на понудите (58%), додека, пак, за 98 жалби донела одлука за целосно поништување на постапките (42%).

Доколку овие податоци се споредат со претходните години, произлегува дека и натаму се намалува уделот на решенија со кои Државната комисија целосно ги поништува тендерите, и тоа за 10 процентни поени во однос на 2016 година и за 23 процентни поени во однос на 2015 година. Овој податок говори дека според решенијата на ДКЖЈН, дошло до намалување на суштинските повреди на Законот за јавните набавки, бидејќи оваа комисија донесува решенија за поништување на постапките во случаи кога незаконските дејствија преземени во текот на тендерот не можат да се надминат со промена на одредена одлука, туку целиот тендер мора да се поништи и да започне од почеток.

**Споредбен приказ на структурата на уважените жалби по години**

| Вид на одлуки на уважени жалби | Удел на уважени жалби | | |
|---|---|---|---|
| | 2015 | 2016 | **2017** |
| Укината одлука | 35% | 48% | **58%** |
| Поништена постапка | 65% | 52% | **42%** |
| Вкупно | 100% | 100% | **100%** |

*Пресметките се направени преку обработка на податоците за донесените решенија на ДКЖЈН објавени на веб-страницата на институцијата*

Направената анализа на содржината на жалбите доставени до Државната комисија покажува дека, како и во претходните години, најголем дел од жалбите се доставуваат против донесените одлуки за избор на најповолна понуда. Со овие жалби кои се доставени до ДКЖЈН и чијшто удел изнесува дури 65%, фирмите тврдат дека во постапката за јавна набавка всушност не е избрана најповолната понуда, бидејќи:

- комисијата го доделила тендерот на друг понудувач којшто, според жалителот, не ја дал најдобрата понуда;
- комисијата ја исклучила од евалуација фирмата што се жали поради тоа што смета дека таа не ги исполнува предвидените услови и критериуми.

Следната значајна основа за доставувањето жалби, со удел од 15%, се однесува на донесените одлуки на договорните органи за поништување на тендерите, додека, пак, 8% од жалбите се однесувале на тендерските документации. Сите останати основи имаат многу позначителен удел и се однесувале на забелешки во однос на огласите за јавни набавки, на записниците од техничките дијалози кои се водени за тендери од поголема вредност, против е-аукции итн.

Со формирањето на Советот за јавни набавки во мај 2014 година, до неговото укинување во ноември 2017 година, право на жалба до ДКЖЈН добија и договорните органи кои се незадоволни од решенијата на Советот. Оттука, во 2017 година, договорните органи доставиле 25 жалби во однос на решенија на Советот за јавни набавки, што е за 41,9% помалку од нивниот број во 2016 година. Ова упатува на продолжување на трендот на намалување на жалбите против решенијата на Советот за јавни набавки од 90 доставени во 2015 година, преку 43 во 2016 година, на само 25 жалби доставени во 11 месеци од 2017 година. Доколку се навлезе во структурата на донесените одлуки од страна на ДКЖЈН, произлегува дека 17 жалби по решенија на Советот биле одбиени, потоа 4 се отфрлени и само 4 се прифатени.

# ИСТРАЖУВАЊЕ КАЈ ФИРМИТЕ ЗА НИВНОТО ИСКУСТВО ПРИ УЧЕСТВОТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Секоја година, Центарот за граѓански комуникации спроведува истражување кај фирмите за нивното искуство при учеството на постапките за јавни набавки. Ова истражување е осмо редовно истражување кај фирмите за јавните набавки коешто Центарот за граѓански комуникации го спроведува во рамките на мониторингот на јавните набавки од 2009 година наваму.

Оваа година истражувањето беше спроведено во периодот февруари-март 2018 година. Во истражувањето учествуваа 210 фирми од сите поголеми градови во земјата. Истражувањето беше спроведено преку анкетирање (лично и по електронски пат), врз основа на претходно изработен структуриран прашалник којшто содржеше вкупно 20 прашања.

Прашањата беа структурирани во неколку групи за да се добијат мислењата на фирмите за најчестите проблеми со коишто се соочуваат при учеството на јавните набавки, нивните размислувања за е-аукцијата, за жалбената постапка, за корупцијата и за другите предизвици присутни во јавните набавки. Прашалникот овозможуваше и простор за интервјуираните претставници на фирмите самите да ги посочат проблемите со коишто се соочуваат и да предложат мерки за подобрување на системот за јавни набавки.

Во оваа анализа се поместени резултатите од последното истражување на фирмите, како и одредени споредби со резултатите од претходните истражувања, за да се добие претстава не само за актуелната состојба, туку и за трендовите.

И во ова истражување најпрво беше утврдено искуството во јавните набавки на фирмите опфатени во истражувањето. Најголем дел од испитаните фирми (39%) учествуваат на најмногу пет постапки за јавни набавки годишно. По нив следат фирмите коишто учествуваат на шест до дванаесет тендери годишно (30%), па фирмите коишто учествуваат на повеќе од дваесет и четири постапки годишно (25%) и фирмите коишто учествуваат во просек на тринаесет до дваесет и четири тендери (6%). Просечното пондерирано учество на анкетираните фирми е дванаесет постапки за јавни набавки годишно.

## Проблеми во јавните набавки

**’НАЈНИСКАТА ЦЕНА‘ КАКО ЕДИНСТВЕН КРИТЕРИУМ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ДОГОВОР ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ЗАДОЦНЕТОТО ПЛАЌАЊЕ И ПОТРЕБНАТА ОБЕМНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕСТВО НА ТЕНДЕРИТЕ СЕ ГЛАВНИТЕ ПРОБЛЕМИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ШТО ГИ ПОСОЧУВААТ ФИРМИТЕ.**

Проблем број 1 во јавните набавки со којшто се соочуваат повеќе од половина од анкетираните фирми (62%) и натаму е најниската цена како единствен критериум за доделувањето договор за јавна набавка. Овој проблем дури е и влошен во 2018 година во однос на состојбата на крајот од 2016 година. Истото се однесува и за проблемот со наплатата на побарувањата за спроведените договори, или т.н. задоцнето плаќање (40%), којшто е влошен во однос на претходниот период (30%) и како проблем повторно се искачи на второто место. На трето место е проблемот со премногу документи што се бараат за учество на тендерите, а за коишто се потребни време и пари за да се извадат (32%), каде што е забележано извесно подобрување во однос на 2016 година (тогаш со овој проблем се соочувале 42% од фирмите).

**Главни проблеми со коишто се соочуваат фирмите во постапките за јавни набавки (можност за повеќе одговори)**




Следните два проблеми за фирмите се проблемот со приспособувањето на тендерската документација и техничката спецификација да одговараат само на одредени понудувачи (28%) и нејасни и тешко разбирливи услови за учество и технички спецификации (22%), проблем којшто е еден од оние што бележат најголемо влошување во текот на последната една година.

Од другите проблеми со коишто фирмите се соочуваат во текот на учеството во јавните набавки, следуваат: честото и лесно поништување на тендерите (19%), нереалните и тешко остварливи критериуми за утврдување на економско-финансиската состојба и техничката способност на економските оператори (13%); задолжителното спроведување на електронските аукции за сите тендери (13%), прекратки рокови за подготовка и за поднесување на понудите (11%); субјективен пристап во оценувањето на прифатливоста на доставените понуди (10%) и одолговлекувањето на реализацијата на добиениот договор (7%).

## Проблемот со задоцнетото плаќање во јавните набавки

- ЗАДОЦНЕТОТО ПЛАЌАЊЕ ЗА РЕАЛИЗИРАНИТЕ ДОГОВОРИ ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ПОСТОЈАНО Е МЕЃУ ТРИТЕ НАЈАКУТНИ ПРОБЛЕМИ СО КОИШТО СЕ СООЧУВААТ ФИРМИТЕ. ОД ТРЕТОТО МЕСТО ЛАНИ, ОВОЈ ПРОБЛЕМ СЕГА СЕ ИСКАЧИ НА ВТОРОТО МЕСТО. ЗА НАПЛАТА ПРОСЕЧНО СЕ ЧЕКА ПО ШЕСТ МЕСЕЦИ И 21 ДЕН.

Имајќи го предвид постојаното високо рангирање на овој проблем од страна на фирмите, тие беа прашани за просечното време што го чекаат за наплата на побарувањата за спроведените договори за јавни набавки.

**Колку време чекате за наплата на побарувањата од јавните набавки?**




Испитаните фирми чекаат просечно по 6 месеци и 21 ден за да ги добијат парите за завршената работа. Пред две години просекот изнесуваше 8 месеци, а лани 6 месеци.

Така, 39% од фирмите велат дека чекаат меѓу 3 и 6 месеци за наплата на побарувањата, 21% чекаат од 6 до 9 месеци, а 20% чекаат по 1 до 3 месеци. 11% чекаат од 9 до 12 месеци, 7% меѓу 1 и 2 години, а 2% изјавиле дека на наплата на побарувањата чекаат и по повеќе од 2 години.

## Техничките спецификации не ја играат својата улога на гарант на квалитетот во услови кога најниската цена е единствен критериум за избор.

Кога најниската цена е единствен критериум според којшто се доделуваат договорите за јавните набавки, на договорните органи им останува единствено преку изработка на подетална техничка спецификација да го дефинираат квалитетот на она што сакаат да го купат преку јавните набавки.

Но, најголем дел од испитаните фирми, исто како и во претходните неколку истражувања, сметаат дека техничките спецификации не се изработуваат доволно детално за да го гарантираат квалитетот на набавките. Дури 84% од анкетираните фирми сметаат дека тендерските спецификации ретко (57%) или никогаш (27%) не содржат детали за попрецизно определување на квалитетот на јавните набавки. Овој процент во претходното истражување беше сличен.

**Дали сметате дека техничките спецификации се доволно детални за да го гарантираат квалитетот на набавките?**




Само помал дел од испитаните фирми (16%) сметаат дека техничките спецификации се изработуваат така што често (14%) или секогаш (2%) ги содржат потребните детали со коишто се гарантира квалитетот на она што ќе се набави.

**Е-аукциите и натаму не ја исполнуваат својата основна функција**

95% ОД ФИРМИТЕ СМЕТААТ ДЕКА НА Е-АУКЦИИТЕ СЕ ПОСТИГНУВААТ НЕРЕАЛНО НИСКИ ЦЕНИ И СЕ ЗАНЕМАРУВА КВАЛИТЕТОТ НА НАБАВКИТЕ ВО ОДНОС НА НИВНАТА ЦЕНА.

Прашани што најдобро ги отсликува електронските аукции, само многу мал дел од испитаните фирми (5%) сметаат дека е тоа победа на најдобрата понуда. Повеќето фирми сметаат дека на електронските аукции се постигнуваат нереално ниски цени (50%) и се занемарува квалитетот во однос на цената (45%). Речиси идентични одговори се добиени на ова прашање и во истражувањата пред една и пред две години.

**Што, според вас, најдобро ги отсликува е-аукциите?**



Дури 44% од испитаниците сметаат дека пред почетокот на електронската аукција има договарање помеѓу понудувачите, што резултира со е-аукција на којашто нема намалување на првично понудените цени. Другата половина (56%) ги негираат сомневањата дека фирмите се договараат за да не ги намалуваат цените на тендерите.

**Дали сметате дека пред почетокот на е-аукциите, кога нема намалување на цените, има договарање меѓу понудувачите?**




*Слични одговори на ова прашање беа добиени и во претходното истражување.*

Повеќе од една третина од испитаниците (38%) сметаат дека договорните органи намерно поставуваат високи минимални критериуми за фирмите за учество на тендерите, со цел да остане само една фирма-понудувач и со тоа да се избегне обврската за спроведување на планираната е-аукција. Сепак, останатите 62% од испитаните фирми сметаат дека оваа практика не се случува никогаш или се случува ретко.

## Задоволство од комуникацијата со договорните органи

- ПОВЕЌЕ ОД ПОЛОВИНА ОД ИСПИТАНИТЕ ФИРМИ (59%) ЈА ОЦЕНУВААТ КАКО 'ДЕЛУМНО КВАЛИТЕТНА' КОМУНИКАЦИЈАТА СО ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ ЗА ВРЕМЕ НА СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПОСТАПКИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.

Целосно задоволни од комуникацијата со договорните органи во случај кога им требало појаснување за постапките во коишто учествувале се 30% од испитаните фирми, коишто ја оценуваат комуникацијата како навремена и квалитетна. Наспроти ова, за 11% од испитаните фирми комуникацијата во тие случаи била задоцнета и неквалитетна. За останатите 59% од фирмите комуникацијата со договорните органи била делумно квалитетна.

**Како ја оценувате комуникацијата со договорните органи во постапките за јавни набавки во коишто сте учествувале?**




Споредено со истражувањето од пред една година, задоволството на фирмите од комуникацијата со договорните органи е речиси идентично.

## Доминантен дел од фирмите не поднесуваат жалби за тендерите

ДУРИ 96% ОД ИСПИТАНИТЕ ФИРМИ НИКОГАШ ИЛИ РЕТКО СЕ ЖАЛАТ НА ТЕНДЕРИТЕ ВО КОИШТО УЧЕСТВУВААТ, ГЛАВНО ПОРАДИ ВИСОКИОТ НАДОМЕСТОК ЗА ТРОШОЦИТЕ ВО ЖАЛБЕНАТА ПОСТАПКА И НЕДОВЕРБАТА КОН ДКЖЈН.

Само 4% од испитаните фирми велат дека често или секогаш доставуваат жалба до Државната комисија за жалби по јавните набавки (ДКЖЈН) кога се незадоволни од начинот на спроведување на постапката за јавна набавки на којашто учествувале. Од друга страна, висок е процентот на фирми коишто велат дека никогаш (59%) или ретко (37%) поднесуваат жалби до ДКЖЈН кога се незадоволни од постапките за јавни набавки. Овие бројки се слични во однос на бројките од истражувањето од пред една година.

**Дали во случаите кога сте незадоволни од начинот на спроведување на постапките за јавни набавки сте доставиле жалба до ДКЖЈН?**



Прашани за причините зошто ретко или никогаш не ги обжалуваат постапките за јавни набавки пред ДКЖЈН, за 45% од испитаните фирми тоа е високиот надоместок за трошоците во жалбената постапка, а за 41% причината е недовербата кон ДКЖЈН. 9% од фирмите не се жалат на постапките за јавни набавки поради страв дека ќе бидат елиминирани во натамошните постапки, а 5% навеле разни други причини поради кои не поднесуваат жалби до ДКЖЈН.

**Која е причината што никогаш или ретко ги обжалувате тендерите пред ДКЖЈН?**




Во однос на задоволството од одлуките на ДКЖЈН, дури 78% од испитаните фирми ретко (49%) или никогаш (29%) не се задоволни од одлуките донесени од ДКЖЈН. Наспроти ова, 22% од фирмите секогаш (14%) или често (8%) се задоволни од одлуките на ДКЖЈН.

**Во случаите кога сте поднеле жалба, дали сте задоволни од одлуката на ДКЖЈН?**




Слични беа резултатите околу жалбената постапка и во претходното истражување, со тоа што извесно подобрување има кај причината за необжалување на тендерите поради страв од реваншизам на институцијата против која би била поднесена жалбата. Ако пред една година ова било причина за 21% од фирмите, сега овој страв постои само кај 9% од фирмите.

## Корупција во јавните набавки

- ДУРИ 88% ОД ИСПИТАНИТЕ ФИРМИ СМЕТААТ ДЕКА ИМА КОРУПЦИЈА ВО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ, НО СО РАЗЛИЧНА ОЦЕНКА ЗА НИВОТО НА НЕЈЗИНАТА ПРИСУТНОСТ.

Најголем дел од фирмите, односно 47%, сметаат дека во јавните набавки ретко има корупција, 5% велат секогаш, а 36% често. Само 12% од фирмите се изјасниле дека во јавните набавки никогаш нема корупција.

**Дали сметате дека во јавните набавки има корупција?**




Пред една година, 79% од фирмите изјавија дека во јавните набавки има корупција, со таа разлика што тогаш, од една страна, беше поголем бројот на фирмите што изјавија дека никогаш нема корупција (21%, наспроти 12% сега), но од друга страна, сега е поголем бројот на фирмите што сметаат дека ретко има корупција во јавните набавки (47% наспроти 38% лани).

## Непочитување на Законот за јавни набавки

- ДОМИНАНТЕН ДЕЛ ОД ФИРМИТЕ СЕ ИЗЈАСНИЛЕ ДЕКА ВО ТЕНДЕРИТЕ НА КОИ УЧЕСТВУВАЛЕ, ПОЧЕСТО ИЛИ ПОРЕТКО СВЕДОЧЕЛЕ НА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ.

Кога станува збор за сведочење на ситуации кога во јавните набавки не бил почитуван Законот за јавни набавки, 6% од анкетираните фирми велат дека тоа се случувало секогаш, според 13% од фирмите тоа се случува често, а според најголем дел од фирмите (61%) прекршувањата се случувале ретко. Дека никогаш не сведочеле на непочитување на Законот за јавни набавки во постапките во кои учествувале, се изјасниле 20% од испитаниците.

**Колку, во постапките во коишто сте учествувале, имате забелешки дека не е испочитуван Законот за јавните набавки?**




Речиси идентични резултати имаше на ова прашање во претходното истражување од крајот на 2016 година.

## Вкупна оценка за процесот на јавни набавки

- ФИРМИТЕ ГО ОЦЕНУВААТ СО 2,85 НА СКАЛА ОД 1 (НЕГАТИВНО) ДО 5 (ОДЛИЧНО) ВКУПНИОТ ПРОЦЕС НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА.

На прашањето да го оценат вкупниот процес на јавните набавки во Република Македонија, испитаните фирми дале просечна оценка од 2,85, при што оценка од 1 (негативно) дале 3% од испитаните фирми, оценка од 2 (едвај доволно) дале 24% од испитаните фирми, оценка од 3 (добро) дале 59% од испитаните фирми, оценка од 4 (многу добро) дале 12% од испитаните фирми, додека со оценка 5 (одлично) процесот на јавни набавки го оцениле 2% од испитаните фирми.

**Како го оценувате вкупниот процес на јавни набавки во РМ?**




Споредено со минатото истражување, забележано е влошување на искажаното задоволство на фирмите што учествуваат на тендерите за 0,28 поени и оценката е повторно под 3.




Гледано неколку години наназад, фирмите го оцениле со највисока оценка процесот на јавни набавки во 2011 година, кога просечната оценка изнесувала 2,97.

## Предлози од фирмите за промени во законот и во системот за јавни набавки

Користејќи ја можноста да дадат свои согледувања, насоки и конкретни предлози за промена на регулативата во јавните набавки во насока на нивно унапредување, фирмите и овој пат понудија стотина сугестии во оваа смисла.

Доминантен дел од предлозите се однесува на измена на сегашните законски одредби според коишто единствен критериум за избор на најповолната понуда е најниската цена. Речиси да нема економски оператор којшто дал сугестија за промена на законот а да не побарал измена на оваа законска одредба. Значаен дел од анкетираните бараат земање предвид на квалитетот со образложението дека со најниската цена се занемарува квалитетот, којшто ако се земе предвид, пак, ќе овозможи учество на повеќе фирми во јавните набавки.

Следната, честа група на предлози се однесува на задолжителноста на електронската аукција. Предлозите се од укинување на е-аукцијата за малите набавки, преку ограничување на намалувањето на цените, сè до предлози за воведување еднократно намалување на првобитно дадените цени.

Следат предлози за контрола во јавните набавки, особено во делот на реализацијата на договорите за јавни набавки и за учество на стручни лица при изработка на техничките спецификации.

Еве некои од предлозите за измена на законот, онака како што се кажани од фирмите:

- Најниската цена не смее да биде единствениот и највисок критериум при избор на најповолна понуда затоа што резултира со низок квалитет;
- Да се укине најниска цена како единствен критериум;
- Да се изнајде начин да се осигури квалитетот во јавните набавки;
- Изнаоѓање решение за добивање најдобар квалитет за понудената цена;
- Највисоката и најниската понуда веднаш да бидат изземени како несериозни;
- Да има критериуми за квалитет, но без да се елиминираат фирмите на право на учество;
- Смешно е да се организира е-аукција на најниско понудената цена. Глупаво се чувствува компанија со десетгодишно искуство кога ќе загуби од сега формирана компанија на рулет-аукција;
- Секогаш да има одредени барања за квалитетот на стоките, а не само услов да биде најниската понуда;

- Квалитетот да се контролира почесто и построго;
- Да се прифаќа највисоката понудена цена - квалитетот да биде приоритет, а надзор на избраниот да му бидат вториот и третиот понудувач и доколку не е извршена понудата, да им плаќа пенали на другите понудувачи;
- Детално, јасно и недвосмислено прецизирање на условите наведени во тендерската документација за утврдување на техничката способност на фирмите;
- Да се укине аукцијата;
- Стручни лица да ги изработуваат спецификациите и тендерската документација;
- Потребно е да се обрне внимание на специфичноста на предметот на набавка, односно да се изготват посебни тендерски документации за различни видови производи;
- Јасно напишана тендерска спецификација;
- Да се намали документацијата;
- Тендери да се распишуваат само кога постојат реални буџети за нив;
- Да се размисли за формирање на единствено тело кое ќе биде одговорно за следење на целокупниот процес на јавни набавки;
- Да се води строга контрола дали тоа што се бара во тендерската се реализира;
- Тело кое ќе го следи процесот на јавните набавки од почеток до крај;
- Контрола врз целиот процес, односно реализацијата на јавните набавки;
- Да се воведе контролен механизам, да има задолжително надворешен човек кој ќе проверува дали тоа што е напишано во тендерската е предадено во договорниот орган;
- Целосна контрола, да не се сведува сè само што пишува на хартија, туку да се проверува веродостојноста на документацијата;
- Контрола на реализација на договорите;
- Осигурување на транспарентност и непристрасност на целата постапка и казни за тие што го прават тоа;
- Не се внимава дали е испорачано она што е договорено.